34673

ВЕЧЕР ☆ 19 февруари 1987 година 7332, 13,

КУЛТУРА

ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# Вечер посветена на Јозеф Бојс

Во кино-салата во Музејот на современа уметност во Скопје, вечерва, со почеток во 18 часот, ќе се одржи вечер посветена на еден од нај познатите германски сликари, Јозеф Бојс.

Непосреден повод е одбележување на годишнината од смртта на Бојс (1921-1986), а за оваа пригода гостинот од Загреб, Владимир Гудац, кој е водител на Галеријата на Студентскиот центар, ке одржи предавање за уметникот. Вечерта ќе биде збогатена и со проекција на германскиот документарен филм посветен на Бојсовото творештво (разговор со сликарот и негови творби), а на крајот ќе биде проследена репродукцијата на интервјуто со Бојс направено за време на неговиот престој во Белград во 1974 година.

Вечерта е организирана во соработка со Домот на младите „25 мај“ од Скопје а на неа скопјани ќе имаат исклучителна можност да се запознаат со творештвото на овој голем уметник, како и со неговите ставови за естетиката и уметноста.

В. С.